УДК 745.52.048:39(497.7)"1945/1958"
УДК 39:745.52.048(497.7)"1945/1958"
https://doi.org/10.55302/MF265789107mch
Датум на прием: 16.2.2026
Датум на прифаќање: 25.2.2026
Изворен (оригинален) научен труд

# ОД ЗАНАЕТ ДО ИНДУСТРИЈА – КРЕИРАЊЕ ИДЕОЛОШКИ И ВИЗУЕЛЕН КОД ПРЕКУ МАКЕДОНСКАТА ТЕКСТИЛНА ОРНАМЕНТИКА ВО НР МАКЕДОНИЈА (1945 – 1958)*

Јана Манева-Чупоска
ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
maneva5@yahoo.com

**Апстракт:** Во трудот се анализира институционализацијата на македонската текстилна орнаментика по Втората светска војна преку примерот на формирање државни претпријатија и стручни совети, како што се: „Државниот совет за занаети и художествени практики“ и претпријатието „Македонски фолклор“ од Скопје. Истражувањето ја разгледува динамиката меѓу традиционалниот занает и социјалистичката индустријализација, со посебен акцент на начинот на кој народниот вез и килимарството биле: селектирани, кодифицирани и репродуцирани во државен национален систем. Македонската текстилна орнаментика претставува еден од најконтинуираните и најкомплексните сегменти на традиционалната материјална култура. По 1945 година, во услови на нова државна и идеолошка рамка, таа влегува во процес на институционална трансформација. Основната цел на овој труд е да се покаже како традиционалниот занает – преку државни механизми – бил пренасочен од рурално-семејна практика кон организиран, контролирано произведен систем со културна и со репрезентативна функција. Методолошки, трудот се потпира на: анализа на архивски правни документи; компаративна историско-културна анализа; визуелно-морфолошка анализа на текстилната орнаментика; и периодизација од традиционален занает до социјалистичка индустрија. До средината на XX век, текстилното производство во Македонија се одвива обично во рамките на домашното стопанство. Ткаењето и везењето биле дел од секојдневието, а орнаментот функционирал како симболички јазик со регионални и со ритуални значења. Во периодот по 1945 година во НР Македонија започнува процес на забрзана индустријализација. Според економските анализи на развојот на текстилниот сектор, државата ја третира текстилната индустрија како приоритетна гранка за вработување и за модернизација. Овој процес создава јасна поделба меѓу

* Трудот претставува дел од проектот „Лексикон на македонскиот фолклор“, финансиран од Министерството за образование и наука на РС Македонија во согласност со Договорот за финансирање на научноистражувачки проект на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје за 2025/2026 год., бр. 15 – 6632/11 од 24.7.2025 година.

индустрискиот текстил (сериско, функционално производство) и рачно изработениот текстил (зачувување и репрезентација на традицијата).

**Клучни зборови:** занает, индустријализација, државни претпријатија, идеолошки, визуелен код

## Вовед

Периодот по Втората светска војна претставува клучна пресвртница во: културниот, економскиот и идеолошкиот развој на Народна Република Македонија. Во рамките на новиот општествено-политички поредок, воспоставен по одлуките на АСНОМ, процесите на социјалистичка изградба и забрзана индустријализација добиваат централно место во државната политика и силно влијаат врз редефинирањето на традиционалните форми на: производство, уметничко изразување и визуелна комуникација. Во тој контекст, текстилното творештво се наметнува како особено значајно поле на трансформација. Во рамките на првата Влада на Народна Република Македонија, предводена од Лазар Колишевски, се поставуваат темелите на организираниот индустриски и културен развој на државата. Преку систематско основање на првите државни претпријатија, задруги и производствени погони, текстилната дејност се институционализира и се вклучува во пошироката стратегија за економска самостојност и за социјалистичка модернизација.


внесена е борбеноста на илинденската епопеја и неограничената радост за слобода и др.
Нашата жека при слагањето на

може да стане богат извор на нашето стопанство, во кое што к'е можеме да заангажираме стотици жени како од селото така и од градот.

Дел од изложбата на македонски вез

Сл. 1: Изложба на македонски вез, организирана од Заводот за домашни ракотворби и занаети, во соработка со Рајна Руменова и Марица Антонова (статија објавена во „Културен преглед“ во „Нова Македонија“, 7.4.1948), од Државниот архив на РС Македонија

„До околу 1950 година било применувано советско административно-етатистичко управување или некаква југословенска

форма на тој етатистички модел“ (Прњат 1987: 141) на културна политика, кој се карактеризирал со висока концентрација на моќ за одлучување при решавањето на одредени задачи, а кои се однесувале на социјалистичката културна изградба на земјата. Пред сè, тука се мисли на: зајакнувањето на материјалната база за културата, развојот на институциите што биле од областа на културата, подигнувањето на општото образовно ниво на населението и сл. Имено, социјалистичката држава и нејзините органи располагале со голема економска и политичка моќ (Трпески 2020: 3).

Во периодот од втората половина на 40-тите и на почетокот на 50-тите години од XX век се формираат низа државни претпријатија и институции со клучна улога во трансформацијата на традиционалното занаетчиско производство во современ индустриски систем. Меѓу нив особено значајно место зазема претпријатието „Македонски фолклор“, чија дејност е насочена кон: собирање, селекција, обработка и продукција на народни текстилни производи, како и нивна адаптација за поширока институционална и пазарна употреба. Овие рани индустриски иницијативи не претставуваат само економски потфат, туку и културна и идеолошка платформа преку која, традиционалното занаетчиско знаење се трансформира во организирано и планско производство. Особено значајно место, во овие процеси, зазема текстилното творештво, кое од занаетчиска и од домашна практика постепено се интегрира во организирани индустриски и полуиндустриски производствени системи. Македонската текстилна орнаментика, длабоко вкоренета во традиционалната култура и во симболичкиот јазик на народното творештво, во периодот 1945 – 1958 година минува низ процес на адаптација и реинтерпретација. Македонскиот народен вез претставува комплексен визуелен систем во кој орнаментот не функционира само како декоративен елемент, туку – како симболички код, поврзан со: статусот, регионот и обредната практика. Орнаменталните мотиви, формално и семантички обликувани низ вековната занаетчиска практика, започнуваат да се трансформираат во носители на нови идеолошки и визуелни кодови, усогласени со концептите на: социјалистичката естетика, колективниот труд и идејата за „народна“ култура во служба на новото општество. Во овој контекст, преминот „од занает до индустрија“ не претставува само технолошка или организациска промена, туку сложен културен процес во кој традиционалните орнаменти се селектираат, се стилизираат и се стандардизираат. Преку институционалните механизми, образовните политики, задругарството и текстилните фабрики, орнаментот станува средство за визуелна репрезентација на националниот идентитет, но и за негово идеолошко моделирање во рамките на југословенскиот социјалистички проект.

Целта на овој труд е да се анализира начинот на кој македонската текстилна орнаментика во периодот 1945 – 1958 година учествува во креирањето на нов идеолошки и визуелен код преку процесите на: индустријализација, институционализација и естетска трансформација. Преку интердисциплинарен пристап што ги поврзува историјата на уметноста, етнологијата и визуелната култура, во трудот се настојува да се укаже на континуитетите и прекините меѓу традиционалното занаетчиско знаење и индустриското производство, како и на нивната улога во обликувањето на културната политика на Народна Република Македонија. Паралелно со овие процеси се основаат и првите текстилни индустриски капацитети и фабрики, како што е „Вардар-текстил" во Велес и други регионални производствени погони, кои го интегрираат традиционалното орнаментално наследство во сериско производство. Во овие претпријатија народната орнаментика престанува да биде исклучиво занаетчиски и индивидуален израз и станува дел од плански дизајниран визуелен систем, усогласен со идеолошките и со културните политики на новата социјалистичка држава. Преку ваквите институционални рамки, државата активно учествува во креирањето на нов визуелен и идеолошки код, при што традиционалните текстилни мотиви се реинтерпретираат како симбол на национален идентитет, но и како средство за: репрезентација на колективниот труд, модернизацијата и културната автономија на Народна Република Македонија во рамките на југословенската федерација.

## Институционализација на текстилното творештво и на орнаментиката во НР Македонија (1945 – 1955). Министерството за индустрија и рударство

По завршувањето на Втората светска војна и по конституирањето на Народна Република Македонија, новата државна власт пристапува кон систематска изградба на економските и на културните структури за трансформација на традиционалното општество во современа социјалистичка држава. Во рамките на првата народна влада, предводена од Лазар Колишевски, се поставуваат темелите на планската индустријализација, при што текстилната дејност се препознава како стратешки значаен сектор поради нејзината длабока вкоренетост во народната традиција и нејзиниот потенцијал за масовно производство. Министерството за индустрија и рударство постоело како орган во рамките на Народна Република Македонија со надлежности во областа на индустријата и на рударството. Тоа било дел од владината структура по Втората светска војна и било формирано во 1945 година, заедно со другите административни тела на НР Македонија, кои ги презеле надлежностите по воспоставувањето на власта на АСНОМ. Министерството за индустрија и рударство било

официјално основано со Уредба на Владата на Народна Република Македонија, од 3 мај 1945 година, објавена во „Службен весник на НР Македонија“, бр. 6/45.


ОД ЗА ДОМАШНИ РАКОТВОРБИ
художествени занаети
Бр.6
13 март 1947 г.
Скопје

До Министерството на Рударството и индустри
Копие до Министерството на Народн. Просвета
Н.Р.Македонија

Скопје

Друже Министре,

Известно Ви е дека со особена уредба на нашата Влада се обр
ува при Министерството на Индустријата и Рударството – Завод за н
родни ракотворби и художествени занаети. Главната задача и цел на т
ова институција каде нас е да се запазат и унапредат сите видови
домашно-занаетски ракотворби, да се запазат живите художествени св
ства и да се тие наши художествени богатства во народната ракотвор
приложат на практични модерни предмети.

За таа задача при заводот ќе биде установено едно тело во вид
на художествено ателие, во кое што ќе се проучаваат, стилизираат и
синтетизираат сите народни художествени мотиви и кои ќе се прилагаа
на практични предмети од општа домашна употреба а и за извоз за ино
странство. Но покрај тоа чисто административно тело ќе треба и еден
висок форум, составен од компетентни лица и признати художници, форум
"хонорис кауза" кој што ќе дава последна редакција на предложените
мотиви, модели, стилови и т.н. од заводското ателие, или од други прива
ни и државни институции па и од чисто приватни лица – художници и
мајстори-занаетлии.

Затоа чест ми е да ги предложам следните лица:
Лазар Личеновски и Чидо Поповиќ – художници;
Димче Коцо – директор на Народниот музеј
Вера Кличкова-етнограф при Народниот музеј
Инж. Арх. ... Чекелија

Ги молам и двете Министерства да ги земат предложените лица пр
вид при назначувањето на тој форум или да биде дополнет уште со неко
други за кои што Министерствата ќе најдат за умесно

Директор на Заводот
М.Хр.Чучков

Сл. 2: Барање од Заводот за домашни ракотворби и художествени занаети до Министерство за рударство и индустрија за формирање стручен совет како работно тело – документ од Државен архив на РС Македонија, Ф. 165 – Обласно инжинерство до Заводот за ракотворби и художествени (уметнички) занаети, барање до Министерството за рударство и индустрија за основање стручен совет, 1947 г.

Во социјалистичката ера на Југославија (1945 – 1991), ресорите како индустрија и рударство, често биле организирани заеднички, во согласност со индустриската политика и со потребите за развој на минералните ресурси. Министерството за индустрија и рударство функционирало како официјален орган на Народна Република Македонија со сопствени структури, раководни лица и стручни совети, особено активни во периодот од 40-тите и 50-тите години од XX век. Со неговото основање започнала и неговата правна и институционална улога, во согласност со тогашната владина правна уредба. Министерството било дел од владината структура на Народна Република Македонија по Втората светска војна, формирано во 1945 година, заедно со другите административни органи на НР Македонија што ги презеле надлежностите по формирањето на власта на АСНОМ. Во социјалистичката ера на Југославија (1945 – 1991), ресорите, како индустрија и рударство, често биле организирани заедно поради потребата од индустриска политика и развој на минерални ресурси.

Министерството за индустрија и рударство било официјален орган на Народна Република Македонија, со свои структури (министер).

**Завод за домашни ракотворби и художествени (уметнички) занаети**

Во периодот по 1945 година започнува процес на институционализација и кодификација на народните мотиви, што претставува пример на културна политика, насочена кон управување со традицијата, во рамките на социјалистичкиот систем. Заводот за домашни ракотворби и художествени занаети е основан во 1946 година со уредба на Владата на Народна Република Македонија, како републичка институција при Министерството за индустрија и рударство. Веќе во 1947 година Заводот има: директор, стручни тела и управна улога. Истата година раководи со повеќе републички претпријатија, меѓу кои и со: „Македонски фолклор“ и „Изложбен магазин“ во Скопје. Неговото основање се вклопува во: пошироката повоена политика на обновување на стопанството, институционализација на народната култура и организирање на занаетчиството како економска и културна дејност. Во архивски документ, од март 1947 година, се среќава клучната формулација: „Со посебна уредба на нашата Влада се образува при Министерството за индустрија и рударство – Завод за домашни ракотворби и художествени занаети“, како институција, во рамките на Министерството („Службен весник на НР Македонија“, 1946). Според дописите и решенијата во периодот 1946 – 1947 година, задачите и дејностите на Заводот биле: заштита и унапредување на народната ракотворба; организирање и модернизација на уметничките („художествени“) занаети; стилизација и примена на народни мотиви во: предмети за домашна употреба, јавни простори и извоз; стручна контрола и раководење со претпријатија од републичко значење; како и соработка со Народниот музеј. Во рамките на Заводот бил формиран Стручен совет за поттикнување на домашните ракотворби и на уметничките занаети, во институционална рамка:

> Традицијата во оваа смисла треба јасно да се разликува од „обичајот“, кој доминира во таканаречените „традиционални“ општества. Целта и карактеристиката на „традициите“, вклучувајќи ги и измислените, е нивната неизменливост. Минатото, реално или измислено, на кое тие се повикуваат, наметнува фиксни (обично формализирани) практики, како што е повторувањето. „Обичајот“ во традиционалните општества има двојна функција – и двигател и стабилизатор. Тој не ја исклучува иновацијата и промената до одреден степен иако, барањето да изгледа компатибилно или дури идентично со претходниот пример, наметнува значајни ограничувања
>
> (Hobsbawm 1983: 2).

Со тоа се истакнува државната грижа за: традиционалните техники, етнографските и декоративните форми, уметничката обработка на занаетчиските производи, како и почетокот на систематска контрола, селекција и насочување на народното творештво. Советот придонел за поврзување на музејската, уметничката и производната сфера вклучувајќи ги државните занаетчиски работилници и фолклорно-текстилната продукција. Тој ги поставил и првичните институционални начела за развој на ликовната и на применетата уметност во Македонија.


165

На основание Уредбата за оснивање на Заводот за домашна изработка и художествени занаети, Министерството на индустријата и рударството на Н.Р.Македонија донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е Пов. бр. 120

Во заводот за домашни ракотворби и художествени занаети да се образува стален стручен совет во следниот состав:

1. Лазар Личеновски – художник
2. Цицо Поповиќ – художник
3. Димче Коцо – Директор на Народниот музеј
4. Вера Кличкова – етнограф при Народниот музеј
5. Миха Чакеља – архитект и
6. Димче Тодоровски – скулптор.

Смрт на фашизмот – Слобода на народот!

М И Н И С Т Е Р
на индустријата и рударството:

/Инж.Г.[illegible]/

Сл. 3: Документ од Државен архив на РС Македонија, Ф.165 – Обласно инжинерство, до Заводот за ракотворби и художествени (уметнички) занаети, Решение за основање стручен совет во рамките на Заводот, 1947 г.

Стручниот совет бил составен од истакнати македонски уметници, етнолози и архитекти: Лазар Личеноски – ликовен уметник и влијателна фигура во културната политика; Василие Поповиќ-Цицо – ликовен уметник; Димче Коцо – директор на тогашниот Народен музеј во Скопје; Вера Кличкова – етнограф, преку која се воспоставила директна врска со фолклорната традиција и со теренските истражувања; Миха Чакеља – архитект; и Димче Тодоровски – скулптор. „Во почетокот на Народноослободителната борба и револуцијата се истакнуваат повеќе македонски уметници, меѓу кои: Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Вангел Коџоман, Томо Владимирски, Василие Поповиќ-Цицо, Киро Караџа, Љубомир Белогаски, Борко Лазески, Димче Тодоровски и други, при што се

нагласува дека никој од нив не се ставил во служба на окупаторот“ (*Историја на македонскиот народ* 1969: 473). Ова укажува на интердисциплинарен пристап што ги поврзува: ликовната уметност, етнографијата, музеологијата и архитектурата, создавајќи мост меѓу етнографијата, уметноста и индустриското производство – како темел за подоцнежниот развој на: текстилната индустрија, уметничките занаети и државните културни претпријатија. Документот приложен кон ова истражување, покрај историската вредност, има и архивска автентичност, што ги потврдува: развојот на занаетите, историјата на македонските уметнички институции, водењето на културната политика во раниот социјализам и формирањето на првата системска институција за применета уметност во НР Македонија.

**Претпријатие за изработка на сите видови килими и народни везови, „Македонски фолклор“**

Фабриката за изработка на сите видови килими и народни везови „Македонски фолклор“ претставува редок пример на државна интервенција во корист на традиционалната орнаментика, наспроти доминантната индустриска логика денес. Со владин акт на НР Македонија се основа претпријатието „Македонски фолклор“ – Скопје, со дејност – изработка на сите видови килими и народни везови. Претпријатието имало републичко и државно значење и било ставено под раководство на Заводот за домашни ракотворби и уметнички занаети, во рамките на Министерството за индустрија и рударство. Активностите на фабриката „Македонски фолклор“ опфаќале собирање и документација на традиционални орнаментални мотиви, нивна стручна обработка и адаптација, како и производство на текстилни предмети, наменети за: културна, репрезентативна и пазарна употреба. Ваквиот производствен модел не претставувал само класична текстилна фабрика, туку хибридна институција во која, од една страна, занаетот се задржувал како техника, државата ги контролирала селекцијата и пласманот на производите, а од друга страна, производите добивале репрезентативна културна функција. Во рамките на ова претпријатие, орнаментот се подложувал на процеси на: селекција, стилизација и стандардизација, со што се прилагодувал на технолошките барања на индустриското производство, но и на идеолошките принципи на социјалистичката културна политика.



161

PREPIS

Na osnovanie čl. 4 vo vraka so čl. 5 od osnovniot zakon za državnite stopanski predprijatija, a na predlog Ministerot na industrijata i rudarstvoto na N. R. Makedonija, vladata na N.R. Makedonija go donesuje slednoto

REŠENIE

Za osnivanje na Predprijatieto za izrabotka na site vidove kilimi i narodni vezovi " MAKEDONSKI FOLKLOR " – Skopje

1. Predprijatieto za izrabotka na site vidovi kilimi i narodni vezovi " MAKEDONSKI FOLKLOP " – Skopje e od republikansko značenie pod firmata " MAKEDONSKI FOLKLOP so sedište vo Skopje.

2. Osnovnite sredstva na predprijatieto iznosaat 500.000.– i so dumi / ptesto iljadi / dinari a obptnite sredstva iznosaat 500.000.– i so dumi /petdto iljadi / dinari.

3. Predprijatieto ke izrabotva site vidovi kilimi i narodni vezovi.

4. Predprijatieto se navoga pod administrativnoto – operativno rakovodstvo na Zavodot za domašni rakotvorbi i hudožestveni zanaeti.

Smrt na fašizmot – sloboda na narodot!

Minister na industrijata i rudarstvoto
Inž. G. Vasilev,s.r.

Predsedatel na Vladata na N.R. Makedonija
L. Koliševski s.r.

Da e prepisot veren so originalot, tvrdi
Šef na pravniot otsek!
J. Kozolovski

Da je prepisot veran ... prepisu tvrdi:
St. Stojanovski

Сл. 4: Документ од Државен архив на РС Македонија, Ф.165 – Обласно инжинерство, до Заводот за ракотворби и художествени (уметнички) занаети, препис и Решение за основање на претпријатие „Македонски фолклор“ за изработка на сите видови килими и народни везови, 1947 г.

Институционализацијата на текстилното творештво во периодот 1945 – 1955 година не претставувала исклучиво економска или технолошка трансформација, туку и културен процес во кој државата учествувала активно во креирањето нов визуелен јазик. Преку текстилната орнаментика се конструирал нов визуелен код, кој истовремено се повикувал на традицијата и ја реинтерпретирал во согласност со идејата за: колективен труд, народна култура и социјалистичка модерност. На тој начин, орнаментот станувал средство за визуелна репрезентација на националниот идентитет и негово идеолошко обликување во рамките на југословенската федерална држава. Селекцијата, стилизацијата и стандардизацијата на орнаменталните форми можат да се согледаат и низ концептот на „конструирана традиција“, каде што одредени форми се институционализираат за создавање историски континуитет и легитимитет. Пред Втората светска војна, текстилното производство во Македонија било претежно занаетчиско и домашно, базирано на: семејно ткаење, рачна обработка на волна, памук и лен, локални пазари и самоснабдување. Во руралните средини текстилот имал: ритуална, статусна и идентитетска функција, а не – индустриска. Орнаментиката била: регионално специфична, симболички кодирана и поврзана со животниот циклус (свадби, празници, возраст).

> Една од првите текстилни компании на територијата на Република Македонија била текстилната и трикотажната фабрика во селото Дихово. Фабриката била изградена во 1883 година и претставувала една од најголемите текстилни фабрики во европскиот дел на Отоманската Империја. Инвестицијата во оваа фабрика била проценета на 15.000 златни турски лири
>
> (*The History of the Macedonian Textile Industry...* 2005: 2).

По 1945 година државата започнува планска индустријализација во која текстилната индустрија станува економски приоритет, средство за вработување (особено на женската работна сила) и дел од процесот на модернизација. Во овој период се формираат текстилни фабрики, шивачки погони и фабрики за конфекција. Штип се профилира како центар на текстилната индустрија поради: постоечката занаетчиска традиција, расположливата работна сила и државните инвестиции. Индустрискиот текстил во Македонија се карактеризира со: сериско производство, стандарди и норми, редукција на декоративноста и ориентација кон функционалноста, при што орнаментот има улога на стилизиран декоративен елемент.

Во индустрискиот текстилен сектор жените биле главни носители на производството. Сепак, за разлика од фабричките погони, во „Македонски фолклор" тие не биле целосно одвоени од традиционалното знаење – занаетот бил вграден институционално, но не и целосно деперсонализиран:

> Во предишниот живот на семејните задруги, какви што до недамна суштествуваа кај нас, распределбата на трудот даваше возможности за ангажирање на женскиот труд во домашната работа, во којашто главно спаѓаше ткаењето и везењето. Селанката можеше да одделува време за една работа, сосема непроизводителна, за општото стопанство, каква што е везот со неговата сложена, орнаментика. Таа везеше спокојно и непринудено, без да држи сметка за вредноста на времето. Со исчезнувањето на примитивните услови, настапува изумирање или опадање на селската уметност
>
> (Антонова Попстефаниева 1953: 17 ).

Во рамките на претпријатието, орнаментот се трансформирал од ритуален знак во визуелен симбол, на државно поддржаната традиција. Геометризацијата, симетријата и ограничениот колорит станувале доминантни естетски принципи. Народниот вез и килимарството не биле само декоративни практики, туку креирање на специфични визуелни системи со строга композиција, ритам и симболика. Орнаментот функционирал како носител на колективна меморија, регионален идентитет и естетски код. Морфолошката анализа на везбените структури покажува јасна геометризација, симетричност и модуларност како основни принципи на традиционалната композиција.

Во процесот на институционализација овие карактеристики не исчезнувале, туку се селектирале – се обработувале мотиви што се сметале за „репрезентативни“, додека индивидуалните и ритуално специфичните варијации постепено прераснувале во сопствен креативен дизајнерски идентитет.

Во „Македонски фолклор“ функционирало дизајнерско студио во кое биле вработени уметници, задолжени за креирање на текстилен дизајн и за орнаментика на теписи за килими. Во шеесеттите години главен и одговорен дизајнер бил Борислав П. Градишки. Како идеолог на македонското национално движење „Бунт“ во 1945 година, Градишки е осуден на затворска казна во траење од 20 години. На слобода бил пуштен по одлежани 12 години. По излегувањето од затвор успеал да се вработи во претпријатието „Македонски фолклор“. Според информациите што се добиени од неговиот син Петар Градишки, во рамките на истражувањето за овој труд, неговиот татко започнал да работи во „Македонски фолклор“ во 1958 година и останал во претпријатието до своето пензионирање. Во дизајнерскиот оддел работела и Вера Христова. Процесот започнувал со изработка на технички стилизиран цртеж – орнаментален модел, кој се репродуцирал низ површината во симетрична композиција:

> Секоја шара имала посебно име, за кое верувам дека го давале вработените од дизајнерското студио и мојот татко: „Сераве“, „Камелија“, „Бухара“, „Скопје“ и др. Потоа тепсите се носеле во т.н. бушечко одделение, каде што се избирале боите, а финалната изработка се реализирала во индустрискиот машински сектор
>
> (Градишки, П. 2026, личен запис).

Тепихот претставува орнаментална композиција, изградена врз строг геометриски систем и повторлив модуларен принцип. Централното поле е исполнето со густ ритам на симетрично распоредени медаљонски мотиви, поставени во хоризонтално-вертикална мрежа. Овој тип сериска репетиција создава визуелен ефект на текстилна површина блиска до традиционалната везбена структура во којашто орнаментот функционира како континуирана декоративна матрица со орнаментална структура и композиција, која се состои од централно поле со ритмизирани повторувања на стилизирани геометризирани форми, организирани во јасно дефиниран систем на редови и колони. Визуелната рамка со бордура е составена од повеќеслојни декоративни ленти со ситни геометриски мотиви, што создаваат визуелна граница и ја стабилизираат композицијата. По принципот на стилизација, Градишки го користи методот на симетричност и на модуларност, карактеристични за традиционалните текстилни техники, особено за народниот вез, во којшто мотивот се гради преку повторување и варијација. Колористичките варијации се

со доминација на црвената боја, како основа, надополнета со контрастни светли и темни орнаменти (бела, крем и темни акценти). Овој колористички баланс потсетува на мијачката текстилна традиција, во која црвената боја има доминантна декоративна и симболична функција, а контрастните тонови служат за нагласување на геометриската структура. Инспирацијата од мијачкиот вез се согледува во: геометризацијата на формите – мотивите се редуцирани на јасни, ритмизирани орнаментални единици; симетричниот принцип – централна оска и повторување, што е основен естетски принцип во мијачките текстилни композиции; орнаментална густина – површината е целосно исполнета, без празни полиња, што е типично за традиционалните везови, рамковна организација – повеќекратните бордури како визуелен еквивалент на везбени рабови. Иако орнаментот покажува сродност со ориентални модели на теписи „Бухара“, авторската интерпретација преку: геометризација, ритам и колористичка нагласеност го приближува до македонската текстилна орнаментика. Градишки воспоставува синтеза меѓу индустриски дизајн и етнографска инспирација, трансформирајќи ги принципите на мијачкиот вез во современ текстилен производ. Евидентни се влијанијата од невестинските кошули, во кои, сиот ракав од рамената, е особено убаво извезен, со геометриски шари, а исто така и градите и јаката, како и од тноката, дарпната, која е украсена со везови од вишнова боја, па: појасите, чорапите, клашеникот.

Овој тепих може да се разгледува како пример на трансфер на традиционалната орнаментална логика во модерна текстилна продукција. Преку репетиција, симетрија и колористичка строгост, авторот Градишки создал дело што ја реинтерпретира естетиката на мијачкиот вез во нов медиум, задржувајќи ја неговата визуелна динамика и културната препознатливост. Килимот „Бухара“ на Борислав Градишки е карактеристичен според својата текстилна структура и според стилизацијата, при што се забележува инспирација од традиционалните мијачки везови, меѓу кој е и везот „кинатица“, со препознатливите форми и ажурен вез, примена на темноцрвената, црната и белата боја. Во рамките на претпријатието „Македонски фолклор“, орнаментот се трансформирал во визуелен симбол на државно поддржана традиција, при што геометризацијата, симетријата и ограничениот колорит станувале доминантни естетски принципи.

Институционализацијата на македонската текстилна орнаментика, по 1945 година, создава двоен модел – индустриски и културно заштитнички. „Македонски фолклор“ претставува редок пример на државна интервенција насочена кон зачувување и кодификација на традиционалниот занает, поставувајќи го во рамките на социјалистичката културна политика.




Сл. 5: Дизајн на Борислав П. Градишки, тепих „Бухара“, димензија 200x300 см, изработен во фабриката „Македонски фолклор“



Сл. 6: Технички цртеж/детаљ од орнамент, за изработка на теписи и на килими во претпријатието „Македонски фолклор“, од Борислав П. Градишки

## ЛИТЕРАТУРА

### Кирилични изданија

Антонова Попстефаниева, М. 1953. *Македонски народни везови*. Скопје: Фолклорен институт на НР Македонија „Кочо Рацин“ – Скопје.

*Историја на македонскиот народ*. Книга трета 1969. Скопје: Институт за национална историја, НИП „Нова Македонија“.

Прњат, Б. 1987. *Синдикат и остваривање циљева културне политике*. Београд: Институт за политичке студије.

Ставои-Кавка, И. 2002. *Историја на Македонија.* Скопје: Менора.

Трпески, Д. 2020. „Културните политики и културното наследство во Социјалистичка Македонија: Формирањето на македонската држава“. ЕтноАнтропоЗум. бр. 20. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија.

**Латинични изданија**

Hobsbawm, E. 1983. *The Invention of Tradition*. Cambridge: Cambridge University Press.

*The History of the Macedonian Textile Industry with a Focus on Shtip*. 2005. Skopje: Center for Research and Policy Making.

**Интервју**

Петар Градишки (син на Борислав П. Градишки, роден 1960 г., по занимање банкар) во разговор со авторката на 28.1.2026 г. во Скопје (личен запис).

## FROM CRAFT TO INDUSTRY – CREATING AN IDEOLOGICAL AND VISUAL CODE THROUGH MACEDONIAN TEXTILE ORNAMENTATION IN MACEDONIA (1945 – 1958)

Jana Maneva-Čuposka
“Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
maneva5@yahoo.com

Summary

The institutionalization of Macedonian textile ornamentation after 1945 established a dual model: industrial and cultural-protective. The company “Makedonski folklor” represents a rare example of state intervention aimed at preserving and codifying traditional craftsmanship, situating it within the framework of socialist cultural policy. This process constitutes a complex phenomenon in which the ideological, economic, and cultural priorities of the socialist state intersected. The formation of the dual model – industrial and cultural-protective – enables an understanding of the ways in which traditional textile heritage was simultaneously transformed and preserved.

On the one hand, through industrial production, ornamentation was adapted to the demands of mass production, often resulting in simplification, standardization, and a detachment from local and individual craft specificities. On the other hand, the cultural-protective model sought to preserve the authenticity,

symbolism, and formal diversity of traditional motifs, positioning them as carriers of national and cultural identity.

In this context, the activities of the company "Makedonski folklor" occupy a particularly significant place. As an institutional attempt at the systematic collection, documentation, and codification of textile ornamentation, the enterprise functioned as a mediator between traditional craft knowledge and contemporary cultural policies. State intervention, although conditioned by the ideological framework of socialism, enabled the creation of archival collections, educational models, and production standards that contributed to continuity in the transmission of knowledge and skills related to textile ornamentation.

Textile ornamentation was simultaneously protected as cultural heritage and transformed into an ideologically and aesthetically regulated expression, adapted to the dominant cultural narratives of the period. The institutionalization of Macedonian textile ornamentation after 1945 may therefore be understood as a dynamic "process of convergence" between tradition and modernity, between artisanal individuality and state cultural policy. The example of "Makedonski folklor" illustrates the complex role of institutions as both protectors and transformers of cultural heritage. This process has left lasting consequences on the ways in which textile ornamentation is perceived, valued, and represented today, opening space for further research into the relationship between cultural policy, heritage, and contemporary creative practices.